1830 Službenj vesnjk SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51

2

# СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧК

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Четврток, 17 ноември 1988
БЕЛГРАД
БРОЈ 67 ГОД. XLIV

Цена на овој број е 600 динари. – Аконтацијата на претплатата за 1988 година изнесува 33.300 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**876.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1988 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1988 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 16 ноември 1988 година.

П бр. 892
16 ноември 1988 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Раиф Диздаревиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски, с. р.**

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/88 и 46/88) во член 1 став 1 точка 3), процентот: „123,0%" се заменува со процентот: „142,1%".

Член 2

Во член 2 точка 3) процентот: „132,0%" се заменува со процентот: „151,8%".

Член 3

Во член 3 став 1 точка 3) процентот: „133,0%" се заменува со процентот: „152,9%".

Член 4

Во член 7 став 4 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен ако во следниот пресметковен период оствариле приход до 3% над остварените приходи".

Член 5

Општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници од општествените дејности се должни да ѝ поднесат на службата на општественото книговодство кај која се води нивната жиро-сметка, до 22 ноември 1988 година, податоци за периодот јануари-октомври 1988 година, во согласност со чл. 1 до 3 на овој закон. Службата на општественото книговодство ќе ги утврди вишоците на приходите до 24 ноември 1988 година.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**877.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1988 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за привремено ограничување на располагањето со општествените средства за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1988 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 16 ноември 1988 година.

П бр. 893
16 ноември 1988 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Раиф Диздаревиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремено ограничување на располагањето со општествените средства за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 84/87 и 46/88), во член 3 став 1 по точка 11) точката се заменува со точка и запирка и се додава точка 12), која гласи:

„12) вложувањата за набавка (изградба, доградба, купување) на објекти и опрема неопходни за работа на органите и организациите на новооснованите општини во САП Косово, чие формирање се врши врз основа на Југословенската програма на мерки и активности за запирање на иселувањето на Србите и Црногорците од Косово, побрзо враќање на оние што го напуштиле и доаѓање на сите што сакаат да живеат и работат на Косово.".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**878.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 16 ноември 1988 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ ЗА 1987 ГОДИНА

1. Се одобрува Завршната сметка на Сојузната дирекција за стоковни резерви за 1987 година.
2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Служен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 559
16 ноември 1988 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стјепан Новаковиќ**, с. р.

**879.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 9 од Законот за Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито", на предлог од Комисијата за избор и именувања, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 16 ноември 1988 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ ЦЕНТАР „ЈОСИП БРОЗ ТИТО"

1. Се разрешува од должноста член на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" Миодраг Влаховиќ.
2. За членови на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" се именуваат Танкосава-Ана Симиќ, член на Советот на федерацијата и Лазар Жолт, член на Претседателството на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 560
16 ноември 1988 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стјепан Новаковиќ**, с. р.

**880.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 41 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 16 ноември 1988 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО КООРДИНАЦИОНИОТ ОДБОР ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА САМОУПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО СТЕКНУВАЊЕТО И РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ ВО СФРЈ

1. Се разрешува од должноста претставник на Собранието на СФРЈ во Координациониот одбор за следење на спроведувањето на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во СФРЈ Драгољуб Јакиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

2. За претставник на Собранието на СФРЈ во Координациониот одбор за следење на спроведувањето на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во СФРЈ се избира д-р Марјан Рожич, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 586
16 ноември 1988 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стјепан Новаковиќ**, с. р.

**881.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именување, на седницата на Сојузниот собор од 16 ноември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК И ЗАМЕНИК НА ПРЕТСТАВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА УСТАНОВАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПОМОРСКИТЕ ПЛОВНИ ПАТИШТА

1. За претставник на Собранието на СФРЈ во Конкурсната комисија за избор на директор на Установата за одржување на поморските пловни патишта се избира м-р Шиме Погориљиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

2. За заменик на претставникот на Собранието на СФРЈ во Конкурсната комисија за избор на директор на Установата за одржување на поморските пловни патишта се избира Анте Беќети, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 584
16 ноември 1988 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стјепан Новаковиќ**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

876. Закон за измени и дополненија на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1988 година — — 1701

877. Закон за дополнение на Законот за привремено ограничување на располагањето со општествените средства за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1988 година — — — — — 1801

878. Одлука за одобрување на Завршната сметка на Сојузната дирекција за стоковни резерви за 1987 година — — — — — — — — — — — — — — 1702

879. Одлука за разрешување и именување на одделни членови на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито” — — — — — — — — — 1702

880. Одлука за разрешување и избор на претставник на Собранието на СФРЈ во Координациониот одбор за следење на спроведувањето на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во СФРЈ — — — — — — — — — — — — — — 1702

881. Одлука за избор на претставник и заменик на претставникот на Собранието на СФРЈ во Конкурсната комисија за избор на директор на Установата за одржување на поморските пловни патишта — — — — — — — — — — — — — — — 1703

НОВО! НОВО!

# ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ

# НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ВО СЛУЧАИ НА НЕОПРАВДАНА ОСУДА ИЛИ НЕОСНОВАНО ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА И ОПШТЕСТВЕНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

**Автор: д-р Драгослав ВУЈАКЛИЈА**

**Рецензенти: проф. д-р Борислав БЛАГОЈЕВИЌ**
**проф. д-р Слободан ПЕРОВИЌ**

Овој монографски труд претставува заокружена студија за надоместот на штета и за мерките за рехабилитација на лица што се неоправдано осудени или неосновано лишени од слобода. Во трудот се изнесени различни решенија кои се предложени во теоријата и законодавството, а на судската практика и е посветено особено внимание.

Сето ова е направено на јасен начин и со сигурен јазик кој е пристапен не само на правниците, туку и на поширока публика.

Посебно е анализирана судската практика која во оваа област е мошне богата со разновидност на форми и модалитети за пројавување на претрпената штета.

**Цена 3.000**

**Порачки да се испраќаат на адреса: НИУ СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ, Белград, Јована Ристиќа 1, поштенски фах 226, телефон 651-840, телекс 11756**

---

НИУ СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ
11000 Белград, Ј. Ристиќа 1

# ПОРАЧКА

Со ова неотповикливо порачуваме:

**НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ВО СЛУЧАИ НА НЕОПРАВДАНА ОСУДА** ______ парч.

Во случај на спор е надлежен соодветниот суд во Белград.

Адреса на порачувачот: ____________________

____________________ ____________________

/жиро-сметка број/

☐☐☐☐☐ ____________

Во ____________, ______ 19___ /М.П./ Потпис на порачувачот,

____________________

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник ВОИСЛАВ СОЛДАТОВИЌ. – Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ, тел. 650-155 лок. 35. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1.